ЈКП КОМУНАЛЕЦ
Арх.бр.**03-1771/1**
13.10.2022г.
Прилеп

Јавно комунално претпријатие
**ЈКП КОМУНАЛЕЦ-ПРИЛЕП**

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРЕТО ТРОМЕСЕЧИЕ во 2022 година

**ОКТОМВРИ,2022 год.**

# ФИНАНСИСКА АНАЛИЗА НА ТРЕТОТО ТРОМЕСЕЧИЕ во 2022 год. на ЈКП КОМУНАЛЕЦ ПРИЛЕП

Во ова тромесечие од 2022г. ЈКП Комуналец Прилеп финансиски покажува **загуба од -4.902.805,00** денари по основ на спротивставување на приходите и расходите според сметководствените финансиски податоци за период од 01.07.2022год. до 30.09.2022год.

**<u>А. Приходи</u>**

Вкупните фактурирани приходи за ова тромесечие изнесуваат **51.488.958,00** денари, од кои најголем дел 50.924.118,00 ден.односно околу 99%, се приходи од услуги на домашен пазар, а само 1% се приходи од кирии и камати. Од вкупните приходи остварени во третиот квартал во 2022г. , најголем процент од 57% зема секторот за подигање и селектирање на отпад, секторот за одржување на ЈПП е 35% од вкупниот приход, а додека приходите од секторот за одржување на гробиштата се со процент од околу 8%, останатиот дел на приходи се приходи од камати, кирии и останати финансиски приходи.

**Споредба на приходите**

Вкупните приходи по синтетика за 3-от квартал од 2022г.споредени со вкупните приходи од 3-от квартал од 2021г. прикажани се во следната табела бр.1:

Табела бр.1 : Приходи споредени 3 квартал од 2022 со 3 квартал од 2021-синтетика

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| **конто** | **Опис На приход** | **Трет квартал 2022** | **Трет квартал 2021** | **Разлика 3-4** | **Разлика 5 во %** |
| 740 | Приходи од услуги | 50.924.118,00 | 47.325.454,50 | 3.598.663,50 | 7,6% |
| 747 | Приходи од кирии | 201.000,00 | 567.000,00 | | |
| 774 | Приходи од камати | 313.652,00 | 436.366,00 | -122.714,00 | -28,1% |
| 779 | Останати приходи | 50.188,00 | 51.499,00 | -1.311,00 | -2,5% |
| **Вкупно приходи** | | **51.488.958,00** | **48.380.319,50** | 3.108.638,50 | 6,4% |

Од прикажаните податоци во аналитика во доставените материјали,позначајна разлика во приходите се согледува во следните ставки:

-**синтетичко конто 740-22**- приходи од хартија , во 2021година беа продадени поголеми залихи на хартија кои беа собирани поради ниската откупна цена на хартијата, а овој квартал и доста е намалена откупната цена, падна од 7,00ден, на 4,00 ден. , во моментов има понуда и од 2,00 ден.;

-**синтетичко конто 740-34** и **740-37**- приходи од ЈПП метачи и паркови по програма за 2022г.

**-синтетичко конто 740-46**- приходи од работа со механизација за чистење на диви депонии.

-**синтетичко конто 747-1-** приходи од кирии од Терминал поради стопирано фактурирање према Терминал по основ на закупи со одлука на Управен одбор .

**Како краен резултат , приходите од двата разгледувани квартали од 2022г. и 2021г. се разликуваат за 6,4% или 3.108.638,50 ден.**

График бр.1 според табела бр.1




**Б.Трошоци**

Вкупните трошоци за третото тромесечие од 2022г. изнесуваат **56.391.763,00**денари,од кои :

*70% односно 39.480.487,00 ден. за бруто платата исплатена на 386 вработени, и тоа со 30.09.2022г или 410 на 30.09.2021г.:

-344 вработени во ЈКП Комуналец Прилеп ( 396 на 30.09.2021г.)

- 42 вработени преку Агенција за привремени вработувања (14 на 30.09.2021г.)

*9% или 4.989.820,00 ден. за надоместоци за вработените;

*7% односно 4.085.505,00 ден. за потрошена енергија ;

*3% односно 1.635.405,00 ден.за потрошени суровини, материјали;

*5% или 2.591.299,00 ден. за потрошени резервни делови,отпис на автогуми и извршени услуги за одржување и заштита;

*1% или 498.458,00 ден. за услуги;

*5% за сите други останати трошоци.

**Споредба на трошоците**

Во аналитиката на трошоците во доставените материјали,позначајна разлика се согледуваат во ставките прикажани во следната табела бр.2:

Табела бр.2 : Поголеми разлики во трошоците споредени 3 квартал од 2022 со 3 квартал од 2021-аналитика

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Конто** | **Опис на трошок** | **Трет квартал 2022** | **Трет квартал 2021** | **Разлика 3-4** | **Разлика 5 во %** |
| 402-1 | Потрошена ел. енергија | 772.343,00 | 206.706,50 | 565.636,50 | 274 |
| 402-4 | Потрошена нафта | 2.566.027,60 | 1.797.393,50 | 768.634,10 | 43 |
| 419-22 | Плата преку АПВ | 3.936.791,00 | 1.125.406,00 | 2.811.385,00 | |
| 420-1 | Вкалкулир. плати | 35.385.455,00 | 36.558.294,00 | -1.172.839,00 | |

Објаснување на податоците во табела бр.2 :

***402-1** Потрошена ел. енергија - во 2022 година зголемена цената на потрошената електрична енергија ;

***402-4** Потрошена нафта , поради промените на цената на нафтата ;
***419-22** Плати на вработени преку Агенција за привремени вработувања – во јануари 2021 година беа превземени вработените од АПВ во ЈКП Комуналец Прилеп, на 30.09.2021г. имаше 14 вработени преку Агенција за привремени вработувања, а на 30.09.2022г. има 42 ;

***420-1** Вкалкулирани плати- намален е износот поради намалениот број на вработени во ЈКП Комуналец , од 396 лица на 30.09.2021г. на 344 лица на 30.09.2022г.иако се зголеми бруто платата од причини како:

-зголемувањето на минималната плата до 18.000,00 нето плата од март 2022г. ,
-исплатата на вработените за работа во недела од јануари 2022г.,
-зголемениот бод од 51,24 во квартал од 2021г.на 53,9 во првиот квартал од 2022г.

Цената на сите услуги , суровини и материјали се енормно зголемени оваа година на ниво на цела држава, предизвикани од глобални причини во цел свет.

**Вкупните трошоци од двата трети квартали од 2022г. и 2021г. се разликуваат за 11% или за 5.613.432,00 ден.**




График бр.2 според табела бр.2

## В. Набавка на основни средства

Во период од 01.07.2022г. до 30.09.2022г. се набавени основни средства со вкупна вредност од **1.349.809,00** денари.

Набавени се:

- 3 моторни косилки,
- моторна пила,
- 6 потопни пумпи,
- 2 полуподземни контењери

## Г. Побарувања од купувачи и поврзани субјекти

Табела бр. 3 Побарувањата на парични средства

| | опис | **30.06.2022г.** | **30.09.2022г.** |
|---|---|---|---|
| 110 | Побарув. од поврзани субјекти-ВИК | 1.790.075,00 | 1.755.068,00 |
| 112 | Побарув. од поврзани субјекти -ТЕР | 840.013,00 | 840.013,00 |
| 120 | Побарув.од купувачи | 129.684.622,00 | 129.884.672,00 |
| | **Вкупно:110 + 120** | **132.314.710,00** | **132.479.753,00** |
| | | | |

➢ **Побарување од поврзани субјекти**:

1. **ДООЕЛ Терминал-Комуналец - 840.013,00** денари дадена позајмица за покривање на трошоци за неплатени сметки за електрична енергија, ДДВ и за дел од бруто плата.

2. **ЈКП Водовод и канализација – 1.670.877,50** денари, наследени побарувања по Делбен биланс од 2004г.

**<u>Д. Краткорочни и долгорочни обврски</u>**

➢ **Обврски према добавувачи**:

Табела бр. 5

| | опис | **Салдо на 30.06.2022г.** | **Салдо на 30.09.2022г.** |
|---|---|---|---|
| 220 | Добавувачи во земјата | **18.509.055,00** | **22.199.345,00** |

График бр. 3 според табела бр.5



- **Обврски према државата:**

1. **ДДВ – 981.807,00ден** исплатено во период од 01.07.2022г. до 30.09.2022г. за редовното ДДВ ,

2. **Репрограмирано ДДВ** –
**-** 31.996.040,50 ден. вкупен износ на репрограмирано ДДВ

- 8.976.680,00ден.исплатено во период од 01.03.2013г. до 31.12.2021г

- 300.000,00ден.исплатено во период од 01.01.2022г. до 30.06.2022г.
- **150.000,00**ден.исплатено во период од 01.07.2022г. до 30.09.2022г.

-22.569.360,00 ден.-остаток од главниот долг со краен рок до15.02.2023 г.

**3.Данок од добивка –**
- **331.872,00** ден. исплатено за аконтации за данок од добивка во период од 01.07.2022г. до 30.09.2022г.

- **Обврски према вработените:**

1. **Новогодишен надомест за 2021г. - 1.807.187,00** ден. исплатена последна рата од вкупно 6 **,**
2. **Регрес за годишен одмор за 2021г**.- **2.034.900,00 ден.** исплатени две рати од вкупно 5,
3. **Јубилејни награди - 28.304,00** ден. исплатено за јубилејни награди стекнати во овој период од 2022година**,**

- **Обврски према поврзани субјекти:**

1. **Локална Самоуправа Прилеп- 17.923.026,00**ден. неисплатена обврска
- **9.757.112,00** ден. обврска до 31.12.2021год.
- **8.165.914,00** ден. обврска од 01.01.2022г. до 30.09.2022г.

**<u>Ѓ. Располагање со парични средства:</u>**

На 30.09.2022 година вкупните парични средства на сите жиро сметки изнесуваат 3.030.956,50 денари ,

**1.денарски жиро сметки** – **1.579.031,50** денари,

Со 30.09.2022г. ЈКП Комуналец Прилеп нема задолжување по основ на кредити и заеми од земјата и странство, сите сметки се активни и работи со месечен лимит по Решение ППНИ бр.6/22.

## Е. Организациона поставеност во ЈКП Комуналец Прилеп :

Вработени во ЈКП Комуналец Прилеп на 30.09.2022г. и 30.06.2022г. по сектори :

| | | 2022 г 30.09. | 2022 г 30.06. |
|---|---|---|---|
| **- Директор** | = | **1** | **1** |
| **- Раководство** | = | **7** | **8** |
| **- Сектор за општи и правни работи** | = | **22** | **23** |
| **- Сектор за финансиско работење** | = | **32** | **33** |
| **- Сектор за подигање , транспорт и депон. на отпад** | = | **119** | **121** |
| **- Сектор за ЈПП** | = | **110** | **114** |
| **- Сектор за одржување на градски гробишта** | = | **49** | **52** |
| **- Шинтерска служба** | = | **4** | **4** |
| **Вкупно вработени во ЈКП Прилеп :** | | **344** | **356** |
| Агенција за привремени вработувања: | | **42** | **33** |
| **Вкупно во ЈКП Прилеп со АПВ:** | | **386** | **389** |

**Напомена:**

Очекуваната загуба која е прикажана во овој квартал од 2022г. е како резултат на сите досега укажувани фактори:

- покачувањата на минималната плата на 18.000,00 денари
- зголемување на цената на електричната енергија
- исплатата на вработените за работа во недела
- нестабилност на цената на нафтата и бензинот
- зголемување на цените на сите набавени средства и услуги

Благодарение на согласноста на Управниот Одбор на ЈКП Комуналец Прилеп и Советот на општина Прилеп за покачување на цените на услугите на ова јавно претпријатие во септември оваа година, се очекува во иднина работењето на јавното претпријатие да се одвива континуирано,непречено и квалитетно .

Изработил:
Рак.на Сектор за Финанс.работење
СнежанаТрумпеска

Одобрил:
Пом.директор за екон.и правни прашања
Снежана Николова

Овластен потписник:
**Директор:**
**Рубинчо Абрашоски**

13.10.2022г.

Финансиски извештај за трето тромесечие од 2022г.

Со 30.09.2022г. ЈКП Комуналец Прилеп нема задолжување по основ на кредити и заеми од земјата и странство, сите сметки се активни и работи со месечен лимит по Решение ППНИ бр.6/22.

**Е. Организациона поставеност во ЈКП Комуналец Прилеп :**

Вработени во ЈКП Комуналец Прилеп на 30.09.2022г. и 30.06.2022г. по сектори :

| | | 2022 г 30.09. | 2022 г 30.06. |
|---|---|---|---|
| **- Директор** | = | 1 | 1 |
| **- Раководство** | = | 7 | 8 |
| **- Сектор за општи и правни работи** | = | 22 | 23 |
| **- Сектор за финансиско работење** | = | 32 | 33 |
| **- Сектор за подигање , транспорт и депон. на отпад** | = | 119 | 121 |
| **- Сектор за ЈПП** | = | 110 | 114 |
| **- Сектор за одржување на градски гробишта** | = | 49 | 52 |
| **- Шинтерска служба** | = | 4 | 4 |
| **Вкупно вработени во ЈКП Прилеп :** | | 344 | 356 |
| Агенција за привремени вработувања: | | 42 | 33 |
| **Вкупно во ЈКП Прилеп со АПВ:** | | 386 | 389 |

**Напомена:**

Очекуваната загуба која е прикажана во овој квартал од 2022г. е како резултат на сите досега укажувани фактори:

- покачувањата на минималната плата на 18.000,00 денари
- зголемување на цената на електричната енергија
- исплатата на вработените за работа во недела
- нестабилност на цената на нафтата и бензинот
- зголемување на цените на сите набавени средства и услуги

Благодарение на согласноста на Управниот Одбор на ЈКП Комуналец Прилеп и Советот на општина Прилеп за покачување на цените на услугите на ова јавно претпријатие во септември оваа година, се очекува во иднина работењето на јавното претпријатие да се одвива континуирано,непречено и квалитетно .

Изработил:
Рак.на Сектор за Финанс.работење
СнежанаТрумпеска

Одобрил:
Пом.директор за екон.и правни прашања
Снежана Николова

Овластен потписник:
**Директор:**
**Рубинчо Абрашоски**

13.10.2022г.

Page 8

ЈКП Комуналец Прилеп Page 8